# НАБАВКА НА СТРУЧНИ И КОНСУЛТАНТСКИ УСЛУГИ ВО ОБЛАСТА НА ESG

**Од: Акционерското друштво за осигурување ВИНЕР – Виена Иншуренс Груп Скопје**

Контакт информации

Адреса: ул. „Железничка" бр. 41, Скопје

Даночен број: 4030002461200

Матичен број: 5702470

Акционерско друштво за осигурување ВИНЕР-Виена Иншуренс Груп Е 9241030240143 27.01.2023 год. Скопје

- Телефон: +38923231631
- Е-пошта: winner@winner.mk
- Лице за контакт: Мартин Спасевски, Е-пошта: martin.spasevski@winner.mk;

Одговорно лице: Претседател на Управен Одбор/Генерален директор, Климе Попоски,

**ПРЕДМЕТ НА НАБАВКА: Ангажирање на надворешни консултанти во областа на животна средина, општествено и корпоративно управување (ESG)**

**Опис:** Обезбедување стручни и консултантски услуги од страна на експерт во областа на ESG/ Environmental, Social, and Governance како Консултант за потребите на Акционерското друштво за осигурување ВИНЕР – Виена Иншуренс Груп Скопје (Друштвото).
Надворешниот консултант треба да обезбеди стручна и професионална помош на Друштвото, во областа на менаџирање со критериумите за животна средина, општествено и корпоративно управување (ESG), кои меѓу другото се однесуваат на унапредување на односите со вработените, клиентите, соработниците и заедницата во целина, зголемена заштита на здравјето на вработените и подобрување на условите за работа; зголемување на заштитата на животната средина, спречување на деградација на животната средина како резултат на работењето на Друштвото; подобрување на позитивните еколошки и социјални резултати; обезбедување на потребна интерна регулатива и нејзина усогласеност со регулативата за ESG во рамките на РСМ и усогласеност со меѓународна регулатива.

Имено, Консултантот ќе биде обврзан:

- да обезбедува стручни совети во врска со сите прашања поврзани со животна средина, општествено и корпоративно управување (ESG/Environmental, Social, and Governance)
- да врши анализа на информации, документи и други материјали обезбедени од Друштвото во врска со ESG;
- да дава стручна помош и да учествува во подготовка на соодветна интерна регулатива за ESG, подготовка на годишни ESG извештаи со утврдување на принципите, целите и пристапот што треба да се следи при дизајнирање на мерки за заштита на животната средина, како и унапредување на општественото и корпоративното управување;
- да реализира обуки за вработените и менаџментот на Друштвото во било каква форма (онлајн или со физичко присуство);

- да обезбедува литература од релевантни извори по однос на прашања во доменот на ESG заради информирање на вработените и менаџментот на Друштвото;
- да врши и анализа на политиките за животна средина и правниот режим на Република Северна Македонија и меѓународната регулатива;
- да изготвува и доставува редовен месечен Извештај за реализирани услуги до Друштвото;
- реализација на преземените обврски во временската рамка утврдена од страна на Друштвото за секоја активност поединечно.

Како елементи на критериумот економски најповолна понуда се земаат следниве елементи:

*** Цена ........................................ 30 бодови;**

*** Критериуми за професионална способност ............... 70 бодови;**

За **елементот цена** се утврдени вкупно 30 бодови. Заради евалуација на елементот цена, истата ќе се пресметува како вкупна цена без данок на додадена вредност, при што најмногу бодови ќе добие понудата која има најниска понудена цена. Бодовите за елементот цена кај другите понуди ќе се доделат според следнава формула:

$$\textit{Број на бодови} = \frac{\textit{најниска цена (без ДДВ)} \quad \textit{максимален број бодови}}{\textit{Цена (без ДДВ)}}$$

**Изборот на експерт во областа на ESG (животна средина, општествено и корпоративно управување) ќе се изврши со рангирање на пријавените преку следните критериуми со утврдени бодови за секој критериум поединечно.**

| Критериум | Бодови |
|---|---|
| Работно искуство од областа на одржливи финансии, известување и ESG | 10 |
| Работно искуство во едукација, обуки и тренинг од областа на одржливи финансии, известување и ESG | 10 |
| Научно наставно звање од областа на економија и финансии | 30 |
| Објавена книга (дел од книга) и/или монографија (дел од монографија) од областа на одржливи финансии, известување и ESG | 15 |
| Објавен труд од областа во научно списание со импакт фактор | 15 |
| Објавен труд од областа во научно списание без импакт фактор | 5 |
| Учество на меѓународна конференција со објавен труд | 5 |
| Објавени прирачници или други работни материјали од областа | 4 |
| Објавен годишник или зборник од областа | 3 |
| Објавени статии во домашни и меѓународни списанија од областа | 3 |

Ул. Железничка бр. 41 1000 Скопје, Р.С.М
+389 (0)2 32 31 631
winner@winner.mk winner.mk
Лиценца: 24809/2 ЕМБС: 5702470



**Начин на докажување на способноста на понудувачот**

Исполнетоста на критериумите за утврдување на способноста, понудувачот ја докажува со доставување на следниве документи:

Како доказ за исполнување на утврдените критериуми едукаторите потребно е да достават соодветни документи (докази) за завршен степен на образование (диплома, магистер, доктор на науки и слично), поседување на научно наставно звање, објавени монографии, трудови, прирачници, учество на конференции. Документите со кои се докажува исполнувањето на условите се доставуваат во копија (со потпис на едукаторот на копијата како доказ дека копијата е верна на оригиналот), како и во скенирана форма преку електронска пошта.

Кон документацијата, потребно е кандидатот да приложи потпишана изјава со која потврдува дека, под морална, кривична и професионална одговорност, сите наведени информации и податоци се точни и дека сите копии од документи се целосно верни на оригиналот.

**Начин на плаќање:** Плаќањето ќе се врши на месечно ниво, кумулативно за сите извршени работни задачи во текот на еден месец.

| Ред. бр. | Опис | Кол. | Нето износ денари/евра | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Консултански услуги во делот на областа за животна средина, општествено и корпоративно управување (ESG) по час** | 1 | | |
| 2. | **Трошоци за обуки кои ќе се реализираат со физичко присуство на Консултантот, за секој започнат час 20% од нето надоместокот утврден во точка 1 од оваа табела, но не повеќе од 7 часа за еден ден.** | 1 | | |

**Времетраење на ангажманот**: Надворешниот консултант ќе се ангажира во времетрење од најмалку 2 години од потпишувањето на Договорот.

<u>**Краен рок за поднесување на понудите:** Краен рок за доставување на понудите е 03.02.2023 година, до 12:00 часот. Понудите се поднесуваат преку Архивата на Дирекцијата на Друштвото на ул. „Железничка“ број 41, 1000 Скопје или на е-маил: martin.spasevski@winner.mk.</u>
По истекот на крајниот рок за поднесување на понудите истите нема да бидат земени во разгледување.

Животната средина, општественото и корпоративното управување (ESG) е рамка на критериуми кои им помагаат на засегнатите страни да го анализираат управувањето со ризиците и можностите поврзани со **критериумите за животна средина, општествено и корпоративно управување** (наречени ESG фактори).

Акционерското друштво за осигурување ВИНЕР – Виена Иншуренс Груп Скопје, водејќи се од својата визија за пример во стандардите за стручност, професионалност и етичност на пазарот, презема конкретни чекори за приспособување кон ESG практиките како важен дел од мисијата – покрај грижата за клиентите со посветеност, знаење и иновативни решенија – со цел да се создаде подобар живот и подобра иднина за вработените, друштвото и заедницата во целина.

**Со почит,**

**Одговорно лице:**
**Акционерското друштво за осигурување**
**ВИНЕР – Виена Иншуренс Груп Скопје**
**Претседател на Управен**
**одбор/Генерален директор**
**Климе Попоски**